РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
# НА ЗАКОНОТ ЗА ПОМИЛУВАЊЕ

Скопје, декември 2008 година

ВОВЕД:

# I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Нормативата во однос на помилувањето е содржана во член 114 од Кривичниот законик со кој се уредуваат материјално-правните прашања на помилувањето.

Причините за донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување (“Службен весник на РМ”,бр. 20/93) произлегуваат пред се од недостатоците и празнините од постојниот закон, кои произлегуваат од неговата практична примена, како и од потребата за попрецизно нормирање на одредени прашања регулирани со законот, како и од посоодветно легислативно уредување на материјата. Освен тоа заради неопходноста од итност на постапката со законот се предвидуваат рокови за постапување на учесниците во претходната постапка, а извршено е и терминолошко усогласување на одделни називи и поими.

# II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Законот чие донесување се предлага, се заснова врз исите начела, врз кои е заснован Законот за помилување.

Според постојниот Закон за помилување (“Службен весник на РМ”,бр. 20/93) Претседателот на Република Македонија дава помилување на поименично определено лице за кривични дела предвидени со закони на Република Македонија согласно со одредбите на Кривичниот законик и одредбите на тој закон. Со законот се определува постапката за помилување, можноста на овластен круг на лица да поднесат молба за помилување, како и да можат повторно да поднесат молба за помилување по истекот на одреден рок од донесената одлука по претходната молба. Со Законот се уредува и обврската и овластувањата на судот и казнено-поправната установа веднаш да ја спроведат т.н. претходна постапка за помилување, да дадат претходни податоци за донесување одлука и списите да ги достават до Министерството за правда. Министерот за правда комплетираните списи со потребните податоци за одлучување и со свој предлог ги доставува до Претседателот на Република Македонија.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на овој Закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗАТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој Закон не се потребни посебни финансиски средства, надвор од средствата неопходни за вршење на работите од делокругот на надлежните органи.

ПРЕДЛОГ
НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
НА ЗАКОНОТ ЗА ПОМИЛУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за помилување (“Службен весник на Република Македонија”, бр. 20/93) во членот 1 по зборот “Кривичниот”, зборот “закон” се заменува со зборот “законик”.

По ставот 1 се додаваат три нови ставови 2, 3 и 4 кои гласат:

“Претседателот на Република Македонија дава помилување и за кривични дела пропишани со кривичен закон на друга држава доколку сторителот е македонски државјанин и казната ја издржува во Република Македонија врз основа на извршување на кривична пресуда на странски или на меѓународен суд ако е тоа определено со меѓународен договор, или ако постои реципроцитет, или ако санкцијата ја изрече и домашниот суд според Кривичниот законик.

Помилување не може да се даде на лица осудени за кривични дела против изборите и гласањето од Глава шеснаесетта од Кривичниот законик, („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99. 4/02, 43/03, 19/04, 60/06, 73/06, 7/08 и 139/08), кривични дела против половата слобода и половиот морал од Глава деветнаесетта од Кривичниот законик сторени спрема деца и малолетни лица ; кривични дела против здравјето на луѓето од Глава дваесет и прва: кривично дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 и кривично дело овозможување на употреба на наркотични дроги од член 216 и за кривични дела против човечноста и меѓународното право од Глава триесет и четврта од Кривичниот законик.

Претседателот на Република Македонија не може да даде помилување на лице државјанин на Република Македонија кое издржува казна во Република Македонија, а е осудено со пресуда на Меѓународен кривичен суд.“

Член 2

По членот 1 се додава нов член 1-а, кој гласи:

“Член 1-а

Претседателот на Република Македонија со помилување дава ослбодување од гонење, или потполно или делумно ослободување од извршување на казната, ја заменува изречената казна со поблага казна или со алтернативни мерки, или определува бришење на осудата, или ја укинува, односно определува пократко траење на определена правна последица од осудата или на казната.

Со помилувањето може да се определи укинување или пократко траење на овие казни: забрана на вршење професија, дејност или должност, забрана на управување со моторно возило на сторителите што се возачи по занимање и протерување на странец од земјата.”

Член 3

Во член 2 во ставот 3 и  во член 3 во ставот 2, зборовите “правосудство и управа” се заменуваат со зборот “правда”.

Член 4

Во член 5 во ставот 1 зборот „Републиката“ се заменува со зборовите „Република Македонија“.

Ставот 3 се менува и гласи:

“Лицето кое се наоѓа на издржување на казна, молбата за помилување ја упатува до надлежниот суд преку управата на казнено-поправната установа во која ја издржува казната. Казнено-поправната установа во рок од осум дена од приемот на молбата дава извештај за поведението на осуденото лице, односно други податоци што се од значење за решавање на молбата и ја доставува до надлежниот суд.”

Член 5

По членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Член 5-а

Претседателот на Република Македонија со одлука формира Комисија за помилување и го определува составот и бројот на членовите на Комисијата која донесува деловник за начинот на нејзината работа.

Комисијата за помилување при подготвување на предлозите ги има предвид следните критериуми:

- природата, видот и тежината на извршеното кривично дело;
- личноста на осудениот и неговиот поранешен живот, поведението на осуденото лице по осудата и за време на издржувањето на казната, односот спрема извршеното кривично дело, поранешната осудуваност, постигнатиот степен на ресоцијализација, возраста и здравствената состојба на осудениот и неговите семејни прилики, и
- влијанието на актот за помилување врз средината од каде потекнува осудениот и средината каде го извршил кривичното дело. ‘’

Член 6

Во член 6 по ставот 2 се додаваат два нови ставови 3 и 4, кои гласат:

“Молбата за помилување може повторно да се поднесе по истекот на пет години од денот на донесената одлука по претходната молба, кога е изречена казна доживотен затвор.

Ако постапката за помилување е поведена по службена должност, рокот за повторно поднесување молба за помилување од став 2 на овој член тече од денот на донесувањето на одлуката за давање на помилувањето по службена должност .”

Член 7

Во член 8 во ставот 2 зборовите „правосудство и управа“ се заменуваат со зборот „правда“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

“Судот е должен молбата за помилување веднаш да ја земе во постапување и најдоцна во рок од 30 дена од приемот да ја достави до Министерството за правда со сите списи.”

Член 8

Член 9 се менува и гласи:

„ Министерот за правда по приемот ја разгледува молбата и другите списи и заедно со својот предлог во рок од 30 дена ја доставува до Претседателот на Република Македонија.“

Член 9

Членот 10 се менува и гласи:

„Судот, односно Министерството за правда ја запира постапката за помилување ако осуденото лице ја повлече молбата за помилување, ако ја издржало казната, ако престанала правната последица од осудата, ако е донесена одлука на судот по повод вонреден правен лек или ако осуденото лице умре во текот на постапката за помилување.”

Член 10

Членот 11 се брише.

Член 11

Во членот 12 зборот „закон“ се заменува со зборот „законик“.

Член 12

Во членот 14 зборовите „правосудство и управа“ се заменуваат со зборот „правда“.

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Содржината на законот е дадена во вид на Предлог на закон.

Законот чие донесување се предлага во однос на материјално-правните елементи на институцијата помилување, поаѓа од решенијата во член 114 од Кривичниот законик и член 84 од Уставот на Република Македонија.

Во одредбата на член 1 усогласен е зборот „закон“ со зборот „законик“ согласно Кривичниот законик (“Службен весник на Република Македонија бр. 37/96).

По ставот 1 во членот 1 се додаваат три нови ставови, имајќи предвид дека одредбата од ставот 1 се однесува за кривични дела предвидени само со закони на Република Македонија. Се додава нов став 2 во смисла на давање на помилување и за кривични дела пропишани со кривичен закон на друга држава, доколку сторителот е македонски државјанин и казната ја издржува во Република Македонија, врз основа на извршување на кривична пресуда на странски или на меѓународен суд ако е тоа определено со меѓународен договор, или ако постои реципроцитет или ако санкцијата ја изрече и домашниот суд според Кривичниот законик.

Во новиот став 3 на овој член се предлага да не може да се даде помилување на лица осудени за кривични дела против изборите и гласањето од Глава шеснаесетта од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99. 4/02, 43/03, 19/04, 60/06, 73/06, 7/08 и 139/08) , како и кривични дела против половата слобода и половиот морал од Глава деветнаесетта од Кривичниот законик сторени спрема деца и малолетни лица; кривично дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори од член 215 и кривично дело овозможување на употреба на наркотични дроги од член 216 од Глава дваесетипрва и за кривични дела против човечноста и меѓународното право од Глава триесетичетврта од Кривичниот законик.

Основната цел да не се дава помилување за наведените кривични дела е превенција од вршење на овие кривични дела во иднина, како и сузбивање и истакнување на важноста за заштита од кривичните дела:

- За кривичните дела против изборите и гласањето, се предлага да не се дава помилување особено ако се извршени со сериозна закана, со употреба на оружје, експлозивни или други опасни направи и со примена на насилство во организирана група. За кривични дела против половата слобода и половиот морал сторени спрема деца и малолетни лица се предлага да не се дава помилување заради поефикасна заштита на децата и малолетните лица од често кршење на нивните права и нарушување на нивниот физички и психички интегритет. Со недавањето можност за помилување на извршителите за ваквите кривични дела се праќа јасна порака за развивање на свеста за важноста за заштита на децата и малолетните лица како најосетливи членови на општеството кои заради својата возраст и психофизичка зрелост и најмногу се изложени на сите облици на (сексуално) искористување;
- За кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори и овозможување на употреба на наркотични дроги се предлага да не се дава помилување за да не се вршат вакви кривични дела со цел во иднина да се сузбие злоупотребата на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори и да се спречат несогледливите последици по здравјето на можните консументи на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, особено кај младите лица кои најчесто се жртви на дрогата.
- За кривични дела против човечноста и меѓународното право се предлага да не се дава помилување со цел во иднина да се одвратат сторителите од вршење на ваквите кривичи дела и да спречи геноцидот, злосторствата против човечноста, воените злосторства, расна и друга дискриминација, трговија со луѓе, криумчарење мигранти и меѓународен тероризам.

Во новиот став 4 се предлага да не може да се даде помилување на лице кое издржува казна во Република Македонија, а е осудено со пресуда на Меѓународен кривичен суд.

Во членот 2 се дефинира институтот помилување кој е според соодветната одредба од член 114 од Кривичниот законик. Со изречното дефинирање на институтот во Законот на јасен и прегледан начин се прави достапна самата материја на помилување и функцијата на Законот и се обезбедува законска заснованост на одлуките на Претседателот на Република Македонија, што претставува значајна карактеристика за функцијата на правната држава.

Со членот 4 во постојниот член 5 од Законот за помилување се менува ставот 3, при што се предвидува казнено-поправната установа во рок од осум дена до надлежниот суд да даде извештај за поведението на осуденото лице. Освен тоа се предвидуваат и рокови од 30 дена за постапување по молбите за помилување на судот и Министерството за правда, бидејќи со решенијата содржани во одделни одредби со донесување на Законот, треба да се постигне брзо и ефикасно спроведување на постапката за помилување што овозможува донесување на основната одлука, како неопходен услов за остварување на функцијата на помилување.

Со членот 5 се додава нов член 5-а со кој е предвидено Претседателот на Република Македонија со одлука да формира Комисија за помилување и го определува составот и бројот на членовите на Комисијата за помилување која донесува деловник за начинот на работата и се утврдуваат критериуми за помилување на осудените лица.

Со членот 6 во постојниот член 6 од Законот за помилување по ставот 2 се додаваат два нови ставови 3 и 4. Во ставот 3 е предвидено молбата за помилување од осуденото лице на казна доживотен затвор да може да се поднесе по истекот на пет години од денот на донесената одлука по предходната молба, а во ставот 4 ако постапката за помилување е поведена по службена должност рокот за повторно поднесување молба за помилување од ставот 2 на овој член тече од денот на донесувањето на одлуката за давање на помилувањето по службена должност, со што се ставаат во еднаква положба за поднесување повторна молба за помилување осудените лица за кои не е поведена постапка за помилување по службена должност.

Со членот 9 се менува членот 10 од Законот за помилување, во кој се додаваат причини врз основа на кои судот, односно Министерството за правда можат да ја запрат постапката за помилување: ако осуденото лице ја повлече молбата за помилување, ако е донесена одлука на судот по повод вонреден правен лек или ако осуденото лице умре во текот на постапката.

Со членот 10 се брише членот 11 од Законот за помилување со цел помилувањето да се дава на осудени лица само по пропишаната постапка за помилување со точно наведување на околностите што се однесуваат на личноста на осудените лица и на кривичното дело кое го извршиле.

Другите измени и дополнувања на одредбите претставуваат терминолошко и редакциско усогласување на текстот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Усогласување на овој Закон со Кривичниот законик и изменување и дополнување на постојните одредби заради подобра примена на Законот.

ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОМИЛУВАЊЕ ВО КОИ
СЕ ПРЕДВИДЕНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

Член 1

Претседателот на Република Македонија дава помилување на поименично определени лица за кривични дела предвидени со закони на Република Македонија, согласно со одредбите на Кривичниот закон и одредбите на овој закон.

Член 2

Постапката за помилување се поведува по молба на осуденото лице или по службена должност.

Во корист на осуденото лице молба за помилување може да поднесат брачниот другар, роднина по крв во права линија, брат, сестра, посвоител, посвоеник, хранител или старател.

Постапката за помилување по службена должност ја поведува министерот за правосудство и управа.

Член 3

Постапка за помилување за ослободување од кривично гонење се поведува само по службена должност и може да се поведе во секој стадиум на кривичната постапка.

Постапката од ставот 1 на овој член ја поведува министерот за правосудство и управа.

Член 5

Молбата за помилување се поднесува до претседателот на Републиката, преку судот што ја изрекол пресудата во прв степен.

Кога молбата за помилување е поднесена до друг орган или институција, тие се должни без одлагање да му ја достават на надлежниот суд.

Молбата за помилување лицето кое се наоѓа на издржување на казна, ја упатува преку управата на казнено-поправната установа, која веднаш по приемот заедно со извештај за поведението на осуденото лице и други податоци од значење за решавање, ја доставува до надлежниот суд.

Кога молбата за помилување за лице што ја издржува казната е упатена непосредно до судот, истиот извештајот и податоците од ставот 3 на овој член веднаш по приемот на молбата ќе ги побара од казнено-поправната установа во која лицето ја издржува казната.

Член 6

Молбата за помилување може да се поднесе по правосилноста на пресудата.

Молбата за помилување може повторно да се поднесе по истекот на три месеци од денот на донесената одлука по претходната молба, кога е изречена казна затвор или малолетнички затвор во траење до една година, по истекот на шест месеци, кога изречената казна е над една до три години, а кога е изречена  повисока казна од три години, по истекот на една година.

Член 8

Во постапката за помилување судот и другите надлежни органи можат да собираат податоци и известувања потребни за решавање по молбата и од други органи и институции.

Судот пред да ја достави моблата за помилување до Министерството за правосудство и управа ги проверува фактите и околностите важни за решавање, на кои се повикува подносителот во молбата и извештајот за тоа го приложува кон молбата.

Член 9

Министерот за правосудство и управа веднаш по приемот ја разгледува  молбата и другите списи и заедно со свој предлог ја доставува до претседателот на Републиката.

Член 10

Судот, односно Министерството за правосудство и управа ја запира постапката за помилување, ако осуденото лице ја издржало казната, или ако престанала правната последица на осудата или мерката на безбедност.

Член 11  (се брише)

Претседателот на Републиката по исклучок може да дава помилување и без спроведување на постапка за помилување пропишана со овој закон кога е тоа од интерес за Републиката, или кога посебни околности што се однесуваат на личноста и на кривичното дело укажуваат дека тоа е оправдано.

Член 12

Кога со помилувања изречената казна се заменува со условна осуда, соодветно ќе се применуваат одредбите на Кривичниот закон за изрекување на условна осуда, нејзиното дејство и отповикување, со тоа што времето на проверување не може да трае повеќе од три години и што кон условната осуда не се одредува заштитен надзор, ниту на условно осудениот му се наложува исполнување на посебни обврски.

Член 14

Министерот за правосудство и управа донесува Упатство за постапување на судовите и казнено-поправните установи по предметите за помилување, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.